# СПИРОСКИ

## 300
## минијатури

умешничка галерија
битола
21.09.94



Pero SPIROSKI
Born in Bitola, March 22, 1928. Graduated from Pedagogical Academy in Skopje. Travelled on study voyages to Italy. From 1952 member of DLUM (Macedonian Society of Artists) and from 1955 of the group VDIST
Address: Stefče Patako 2a, 97000 Bitola, tel. 097/22-716

Prizes
Otkupna Prize for painting, Bitola 1973; Prize from DLUB (Bitola Society od Artists), Bitola 1982

ПЕРО СПИРОСКИ

Роден на 22.III 1928 година во Битола
Виша педагошка академија - ликовна насока завршил во Скопје
Студиски престој во Италија во 1954 г.
Член на ДЛУМ од 1952 г., на ВДИСТ и ДЛУБ од нивните формирања
Адреса: 97000 Битола, Стефче Патако 2а,
тел. 097/22-716

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:**

1954 Битола (со Пецо Видимче) Сала на Подофицерски дом, 18.VI 1954
1955 Кавадарци, Дом на културата, 1955
1956 Штип, 1956
1965 Битола, Уметничка галерија „Моша Пијаде", 24.V-10.VI 1965 Прилеп, Шаховски клуб, 4-14.VII 1965
1967 Кавадарци, Дом на културата, 30.IV-10.V 1967 (20 слики)
1969 Кичево, Завод за вработување, 1969
1975 Скопје, Центар за култура и информации, 20.I-2.II.1975 (18 слики и 4 акварели)
Битола, Уметничка галерија „Моша Пијаде", 6-20.III 1975 (22 слики и 4 акварели)
1978 Скопје, Центар за култура и информации, 17-29.I 1971 (31 слика)
1979 Битола, Трикотажа „Пелистер", 1979
1981 Битола, Ликовен салон на Спомен-домот на културата 1-15.III.1981 (46 слики)
Битола, „Битолатекс", 1981 (40 слики)
1984 Битола, Уметничка галерија „Моша Пијаде", 28.II-15.III.1984 (35 пастели).

**1993 Битола, уметничка галерија**
**Прилеп, Дом на културата**
**Скопје, Културно информативен центар**
**Куманово, уметничка галерија**
**Кавадарци, уметничка галерија**
**Титов Велес, уметничка галерија**
**Неготино, Музеј на град Неготино**

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:**

1950 Битола, Изложба на младите художници од Битола
од 1952 учествува на изложбите на ДЛУМ
1953 Изложба на битолските и прилепските художници во Битола и Прилеп 25.V-7.VI.1953
1955 редовно учествува на сите изложби на ВДИСТ
1957 Белград, Изложба на современа македонска графика, Графички колектив, 4-11.XI. 1957
1958 Кејптаун (Јужна Африка), Изложба на современа југословенска уметност, VIII 1958
1959 Скопје, 15 години ликовно творештво на НР Македонија, Уметнички павилјон, 16-26.V 1959
1960 Скопје, Македонски пејсаж 1950-1960, Уметничка галерија X-XI 1960
од 1964 учествува на градските изложби на битолските уметници во Уметничката галерија „Моша Пијаде"-Битола
1967 Белград, III триенале на југословенската ликовна уметност, Београдски сајам - Хала III. 6.VII-15.IX 1967
1969 Ферара (Италија), Изложба на македонската уметност, CHIESA di S. Romano 5-20.VII 1969
1970 Скопје, Моето најсакано дело, Уметничка галерија, 8-28.II 1970
1971 Почитељ, Ликовна колонија, 1971
Учествува на сите изложби на ДЛУБ од неговото формирање 1974
1974 Скопје, Жената како инспирација на уметникот, Дом на ЈНА 14.XII 1974
1977 Скопје, Изложба од колекцијата на Уметничката галерија Битола,
Центар за култура и информации, 18- 28.I 1977 Скопје
Изложба на откупени дела од СИЗ на културата на СРМ,
Музеј на современата уметност 18.I- 1.II 1977 Скопје,
Македонски пејзаж, Музеј на современа уметност, 1-5.X 1977
1978-1979 Скопје, Современа македонска уметност (од колекција на МСУ- Скопје), Музеј на современата уметност, 10.XII 78, - 17.X 1979
1979 Струга, Ликовна изложба, Хотел „Дрим" 24-28. I 1979
1981 Битола, Ретроспективна изложба од фондот на галеријата „Моша Пијаде" - Битола, Уметничка галерија „Моша Пијаде" I.1981
1982 Скопје, Современа македонска уметност (од колекцијата на МСУ Скопје), Музеј на современа уметност 21.VII-31.X 1982
1984 Скопје, Македонско минијатурно сликарство, Центар за култура и информации, 15-29.II.1984
1985 Скопје, Современа македонска ликовна уметност (од колекцијата на МСУ-Скопје) 16.IV-XII 1985
1988 Белчиште: Изложба на делата од ликовна колонија „Дебрца '88"



## ПАСИЈА КОН ПЕЈЗАЖОТ

Изложбата на ликовниот уметник Перо Спироски доминира со импозантен број од триста сликарски минијатури, со изразит спектар од теми и мотиви, и мошне автентични стилски, естетски и ликовно - уметнички белези што укажуваат на едно бележито творештво кое резултира од четири децении творечко искуство.

Меѓу изложените експонати се среќаваме со разновидни ликовни облици и тонови, придружени од преливни валери кои сликарски ги набљудуваат и имажинираат питомите и дивите пејзажни пленери, тие тивки и благородни, па татнежни и страшни менливи од миг во мигновение лица и ликови на природата која се преобразува, а уметниковата мечтателност ги следи нив и ги облагородува.

Низ пејзажите и нивните енигматични драперии сликарот се задлабочува меѓу осамените загатки кои преку пејзажирања и пасионирани внесувања во овие мистични простори ја слика магичноста, таа маестетичност што произлегува од тишината и непредвидливоста која е својствена само на уметноста и природата.

Загасити пејзажни завеси кои постојано се вознесуваат и потонуваат во бескрајот; лазурни небесни разблесоци, блесоци и одблесоци што час згаснуваат, час блеснуваат, во доблеста на мигот и за мигновенијата кои ја прикажуваат сликата на уметничкото.

Раскошна палета од сиви, сини, лазурни, алови, румени, виолетови, лилави, нежнозелени, кошмарнопурпурни, занеснозлатести, жалнорозови нијанси што ги исполнуваат контурите на овие маѓепсни пејсажи. Лиричност и поетичност, тука-таму меланхоличност и носталгичност ...

Во ликовниот, а тоа се однесува за сликарскиот опус на Перо Спироски - уметнички се возвишени повеќе артовизуелни компоненти, кои низ детали и целини, творат богат циклус од специфични прикази на природата, поднебјето и пејзажните убавини присутни на овие простори.

Се чини, како сликарот да е постојано во самотија: САМ СО СЕБЕ И ПЕЈЗАЖИТЕ - САМО ТОЈ, меѓу тајните на уметничката мечта и волшепството на хоризонтите што загадочно го превезуваат времето, ВРАМЕНО ВО ВЕЧНОСТА НА СЛИКИТЕ, кои потсетуваат на празничните сликосвети со моментите на МОЌТА да се поседува сликарското во делото. Елегичната визија на гамите, тоналитетите и ДАРБАТА сето тоа да се пренесе, вознесе и овековечи низ совршените состојби на уметниковата пасија за чувственост и духољубието да СЛИКА, глетки вкомпонирани од светото на стварноста до описите и духописите на фантазијата која потекнува од привидот, кои ја облагородуваат и природата - тоа е одлика на овие визури !!!

Перо Спироски е сликар на суптилни и емотивни сликописи што произлегуваат од околината која не опкружува со впечатливи сензибилни претстави од сензуални питорескни и пиктурални харизми што обликуваат и принесуваат пред погледите низа сликарски мечтаења од рефлексии кои што замислуаваат и осмислуваат имагинарни предели... Меѓу загадачностите се апстрахирани и соновни песажи, од пејзажни реминисценции - разбудени и возбудени спомени, восхитени асоцијации, од видот кој умее да фантазира, да потсетува и насетува натурални спиритуални мистерии !!!

Хармонијата, хаотичноста на насликаното се одраз на насликаното, кое поттикнува на витражно миражираните образи на здогледаното и лепезно сложените форми во темно - светло експресионистичко - импресионистички нијансирања ... Композициски складови и ликовни сентименти, сликовни сеанси, низ сликовните разнообразија и сликарските разнобојности.

Ликовната публика ќе ги почуствува, види и согледа во огледалното изложбено издание на творбите што сликарот Перо Спироски ни ги изложи во галерискиот простор, каде присуствуваме меѓу привлечни арт-амбиенти.

Ричард Иванишевиќ

## ПРЕДГОВОРИ И ПОВАЖНИ СТАТИИ ЗА АВТОРОТ


1954 ТРАИКОВСКИ, Борислав, ИЗЛОЖБА НА ПЕЦО ВИДИМЧЕ И ПЕРО СПИРОСКИ ВО БИТОЛА Разгледи, Скопје, 4.VIII 1954, 14.9

1957 ДИМОВСКИ, J(ован) ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА НА ПЕРО СПИРОСКИ ВО БИТОЛА, Нова Македонија, Скопје, 20.VI 1957, 3970, 5

1975 ИВАНОВСКИ, Менде (ПРЕДГОВОР) ВО: Перо Спироски, Каталог, Скопје, Центар за култура и информации, 1975

ШИРИЛОВ, Т(ашко) ВЉУБЕНИК ВО ПЕЛАГОНСКИОТ ПЕЈЗАЖ, Вечер, Скопје, 23.I 1975, 3608, 7

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир ПО СТРОГА ОПРЕДЕЛЕНА ПАТЕКА
Нова Македонија, Скопје, 26.I 1975, 10060, 12

Н.М. (ИСКАЖУВАЊЕ) во: Едноставно и искрено „Нова Македонија", Скопје, 29.I 1975. 10063, 11

ГИЛЕВСКИ, Паскал ПО ТРАГИТЕ НА ЛИЧЕНОСКИ Вечер, Скопје, 30.I 1975. 3614, 8

ИВАНОВСКИ, Менде (ПРЕДГОВОР) во: Перо Спироски, Каталог, Битола, Галерија на современата југословенска графика, 1975

1978 ГИЛЕВСКИ, Паскал ПЕЛАГОНИСКИ ПЕЈЗАЖИ, Вечер, Скопје, 21.I 1978, 4533, 11

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир ПЕЈЗАЖИ И ПОРТРЕТИ-КАРИКАТУРА
Нова Македонија, Скопје, 29.I 1978, 11141, 11

1981 ТРАИКОВСКИ, Борислав (ПРЕДГОВОР) во: П. Спироски, Каталог, Битола, Спомен-дом на културата, 1981

1988 Белчишта: Изложба на делата од Умет. колон. од Дебрца '88

1993 г. Љубен Пауноски (предговор)
Во; Перо Спироски; "Парче земја македонска"
Битола; уметничка галерија


## НАГРАДИ

1973 Битола, Откупна награда на ДЛУБ

1977 Скопје, III награда на анонимниот конкурс на Извршниот совет на СРМ на тема „Македонски пејзаж"

1982 Битола, Мајска награда на ДЛУБ

СПОНЗОРИ:

АД "ЖИТО БИТОЛА" - БИТОЛА
"ВОДОВОД" - БИТОЛА
"ИССИ" - ОПРЕМУВАЊЕ - БИТОЛА
АД "ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ" - БИТОЛА
Битола